**Република Македонија**

Nansen Dialogue Centre
SKOPJE

# С Т А Т У Т

## НА

## Нансен Дијалог Центар

## Скопје

Декември, 2007 година

Врз основа на член 5, 20 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на РМ" бр.31/98 и 29/07 ), член 10 од Статутот на НДЦ Скопје, и врз основа на одлуката за измени и дополнувања на Статутот на НДЦ Скопје (бр.407/07), Собранието на здружението на граѓани Нансен Дијалог Центар Скопје на седницата одржана на 04.12.2007 година, го утврди пречистениот текст на:

# С Т А Т У Т

**на**

# Нансен Дијалог Центар - Скопје

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

***Член 1***

Нансен Дијалог Центар - Скопје (во понатамошниот текст НДЦ Скопје) е невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани, формирано со доброволно здружување заради остварување и усогласување на заеднички интереси и уверувања, како и заради вршење на дејности и активности за јакнење на граѓанското општество и локалните заедници промовирајќи ги вредностите на демократијата, мирот, меѓусебното разбирање, дијалогот и соработката.

***Член 2***

НДЦ Скопје делува на територијата на Република Македонија и своите цели, задачи и дејности ги спроведува согласно Уставот, законите на Република Македонија и Статутот на НДЦ Скопје.
НДЦ Скопје може да делува и на регионално ниво или пошироко.

***Член 3***

Името на здружението на граѓани е Нансен Дијалог Центар - Скопје. Скратеното име е НДЦ Скопје. Англиска верзија на името на здружението е "Nansen Dialogue Centre Skopje", а скратената верзија е "NDC Skopje".
Седиштето на НДЦ Скопје е во Скопје, на улица Народен фронт број 31, стан бр 10.

***Член 4***

Основачи на НДЦ Скопје се:

1. Алберт Хани, нас. Езерски лозја бр 86 - Струга, ЕМБГ 0509975434028
2. Јулиана Младеновска, ул. Павле Илиќ бр.15-ИИ/23, Скопје, ЕМБГ 0801969455125
3. Џевахире Пруси, ул. Никола Петров бр.11 Бутел 2, Скопје, ЕМБГ 1108973455116
4. Александар Петковски, ул: Јане Сандански бр.70-1/9 Скопје, ЕМБГ 2507974450024
5. Сашко Стојковски, бул. Октомвриска револуција 10-1/32, Скопје, ЕМБГ 2508972492508
6. Илир Хасани, ул. Бајрам Шабани 16 - Куманово, ЕМБГ 2305977420027
7. Славица Димитриевска, ул. Фуштанска бр.53а, Скопје ЕМБГ 2701973455056

Правата и обврските на основачите се истоветни со правата и обврските на членовите на НДЦ Скопје.

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

***Член 5***

Целите и задачите на НДЦ Скопје се: обезбедување неутрален простор за дијалог, помагање на луѓето кои живеат во конфликтни средини, примена на дијалогот, трансформирање и разрешување на конфликтите и поддршка во процесот на помирување помеѓу страните воедно афирмирајќи ги демократските вредности, човековите права, толеранцијата и соработката.

***Член 6***

## 3. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член во здружението може да биде секој граѓанин - државјанин на Република Македонија и државјанин на друга држава кој доброволно ќе пристапи кон здружението со давање на писмена изјава.
НДЦ Скопје води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно.
Членот има право да бира и да биде избран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот и реализацијата на предвидените годишни програми и активности на Здружението.
Секој член може доброволно да истапи од Здружението.

***Член 7***

Права и обврски на членовите на НДЦ Скопје:

- да бира и да биде избран во органите на НДЦ Скопје;
- да дава предлози за донесување одлуки и да учествува во одлучувањето;
- редовно да присуствува на состаноците;
- да земе активно учество во спроведувањето на програмата и активностите на НДЦ Скопје
- да биде редовно информиран за активностите на НДЦ Скопје.

***Член 8***

Исклучување од членството на НДЦ Скопје се остварува во следните случаи:

- кога членот делува спротивно на Уставот и законите на Република Македонија како и спротивно Статутот на НДЦ Скопје;
- кога членот делува спротивно на мисијата, целите, задачите и програмата на НДЦ Скопје;
- кога ќе се постигне взаемна согласност дека членството во НДЦ Скопје не е целисходно.

## 4. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

***Член 9***

Работата на НДЦ Скопје е јавна.
Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други здруженија / НВО и на поширокaта јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално - финансиското работење и друго.

За информирање на членовите и поширокaта јавност се користи директна комуникација со печатот, радиото, телевизијата, компјутерските технологии, веб страна како и билтени и други публикации на НДЦ Скопје.

## 5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НДЦ СКОПЈЕ

***Член 10***

Здружението остварува средства од:

- членарина;
- донации;
- грантови;
- буџет на РМ;
- провизии и други услуги од органи, здруженија, организации, институции, заедници;
- од трговски друштва;
- физички лица;
- и од други извори (имотни права и сл).

***Член 11***

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член, се врши на начин утврден со овој Статут и законски норми.

***Член 12***

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои

превземаат мерки за економски целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

***Член 13***

НДЦ Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансисикиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 10 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работа на Здужението и други расходи сврзани со работата.

## 6. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

***Член 14***

Органи на здружението се:

- Собрание
- Управен одбор
- Извршна канцеларија

### А. Собрание

***Член 15***

Собранието на НДЦ Скопје е највисокото тело на здружението и го сочинуваат сите членови на Здружението.
Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

***Член 16***

Седница на собранието свикува Претседателот на собранието.

Седница на собранието се свикува и по предлог на управниот одбор или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Со седниците на Собранието раководи работно Претседателство.

Начинот на свикување на седниците и работата на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

***Член 17***

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.
Собранието по правило одлуките ги донесува со јавно гласање, со мнозинство на гласови од присутните членови, но не помалку од една третина од вкупниот број на членови на Собранието.

**Надлежности на Собранието:**

***Член 18***

- го донесува Статутот на НДЦ Скопје и усвојува измени и дополнувања на истиот;
- го избира и Претседателот на Собранието и работното Претседателство;
- ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор;
- усвојува програмска ориентација за работа на Здружените за период од 4 години, операционализирано во среднорочниот план и годишната програма;
- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија;
- го разгледува и усвојува извештајот за материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија.

**Б) Управен одбор**

***Член 19***

Управниот одбор (во понатамошниот текст УО) на НДЦ Скопје брои 11 членови.

***Член 20***

Членовите на УО ги избира Собранието со мнозинството од бројот на членови кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.
Изборот за членови на УО го распишува Претседателот на Управниот одбор, два месеца пред истекот на периодот за кој е избран постоечкиот УО.

Доколку не се изберат онолку членови колку што брои УО, постапката за избор на непополнетите места во УО се повторува во рок од два месеци.

### Член 21

Мандатот и ангажманот на член на УО е волонтерски, трае две (2) години и истиот останува член се додека не се назначи нов, до давање оставка, во случај на смрт или додека не е разрешен од неговите должности.

Со цел да се зачува организацискиот контиунитет на работата на Одборот дел од членовите на УО може да останат на должност дополнителни две (2) години со реизбор на Собранието.

### Член 22

**Надлежности на УО се следните:**

- обезбедува спроведување на статутарните и програмските задачи на НДЦ Скопје, како и на одлуките и заклучоците на Собранието:
- донесува среднорочен план, годишна програма и план за работа, на предлог на Извршната канцеларија;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Здружението;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- одобрува битни спогодби и договори на Извршниот директор;
- свикува седници на Собранието;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на Извршната канцеларија на НДЦ Скопје;
- дава задачи до Извршната канцеларија на НДЦ Скопје;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- именува, врши оценка и дава поддршка на Извршниот директор;
- презема активности за изнаоѓање на финансиски средства со цел да се исполни мисијата;
- ја претставува и промовира организацијта во пошироката јавност;
- решава за формирање на комисии и тела на Здружението по предлог на Извршната канцеларија;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

## Член 23

Членовите на УО можат да бидат ослободени од одговорностите, по нивно барање пред истекот на нивниот мандат, со одлука на УО. Член на УО може да биде разрешен пред истекот на својот мандат со гласање на УО само во случај кога:

- членот делува спротивно на Уставот и законите на Република Македонија како и спротивно Статутот на НДЦ Скопје;
- членот делува спротивно на мисијата целите, задачите и програмата на НДЦ Скопје;
- ќе се постигне взаемна согласност дека членството во НДЦ Скопје не е целисходно
- членот не е активен и не ги реализира своите задолженија во период подолг од 6 месеци;
- не се придржува на одредбите за конфликт на интерес дефинирани во Правлникот за работа на УО.

Во случај на смрт, оставка, или отказ на член на УО, УО има право да покани нов член да служи во текот на преостанатото време.

## Член 24

УО донесува одлуки со мнозинство од гласовите на присутните членови на УО.

Кворум на УО сочинуваат шест члена. Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Управниот одбор се состанува минимум четири пати во годината. Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот на УО. Со седницата раководи и претседава претседателот, а во негово отсуство друг член од УО, ротациски по азбучен ред на презимето. Извршниот директор учествува во работата на УО без право на глас. Начинот на свикување на седницата и работењето на Управниот одбор се уредува со Деловник за работа.

**Член 25**

Управниот одбор од своите редови избира претседател со мандат од две (2) години.
Членовите на УО со мнозинството од бројот на членови кои гласале, но не помалку од една половина од вкупниот број членови, го избираат Претседателот на Управниот одбор.

Претседателот на УО го претставува и застапува Здружението.
Мандатот на Претседателот на УО е две години со право на реизбор за уште еден манадат.

**Член 26**

**Надлежности на Претседателот на УО се:**

- претседава со сите состаноци на УО;
- повикува итни и вонредни состаноци на УО;
- член е на работното Претседателство на Собранието;
- се консултира со Извршниот директор за програмата на состаноците на УО ;
- го има правото, како и другите членови, да нуди решенија, разговара околу прашања и гласа по нив;
- потпишува документи за кои е потребен потпис од Претседателот и актите донесени од Управниот одбор;
- комуницира со поединечните членови на УО околу нивните одговорности;
- го претставува и застапува Здружението согласно овластувањата утврдени со овој Статут.
- овластувањата за претставување и застапување на Здружението може да ги пренесе на Извршниот директор.

## В) ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

### Член 27

Здружението формира Извршна канцеларија, која ги извршува должностите и задачите на Здружението. Извршната канцеларија ја сочинуваат Извршен директор и потребниот број на персонал.

Членовите на Извршната канцеларија се лица вработени во Здружението чии права и обврски се регулирани со Законот за работни односи.

Организацијата и работата на Извршната канцаларија се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор, како и со Правилникот за работа на НДЦ Скопје.

### Член 28

Извршната канцеларија ги врши раководните, стручните и административните работи, односно ги води дневните работи, ги сервисира органите на НДЦ Скопје и ја администрира политиката и програмите одобрени од нив.

Извршната канцеларија:

- подготвува седници на Собранието и на Управниот одбор на НДЦ Скопје;
- ги раководи и ги координира сите планирани активности, во рамките утврдени со годишниот план за работа и со финансискиот план;
- подготвува стратешки, среднорочни и годишни програми и планови за работа и финансиски планови;
- раководи со финансиските средства, мобилизира нови фондови, преговара и склучува договори со донатори и со други финансиери;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- поднесува извештаи за работата  и финансиски извештаи;
- идентификува нови корисници, врши оценка на пријавите за финансиска поддршка, подготвува документација и се грижи за спроведувањето на програмските активности, врши нивно  набљудување и оценување;
- одржува контакти со други организации и институции во остварувањето на програмските цели.
- одржува односи со јавноста.

**Член 29**

Извршниот директор е именуван од Управниот одбор.
Мандатот на Извршниот директор е четири години, со право на повторен избор и согласно Правилникот за работа. Извршниот директор е одговорен пред Управниот одбор.

Извршниот директор раководи со Извршната канцеларија и го избира персоналот раководејќи се од принципите на ефикасност, компетентност, интегритет и афирмативност согласно Правилникот за работа на НДЦ Скопје.

Извршниот директор ја планира, организира и спроведува работата на Извршната канцеларија.
Го претставува и застапува здружението во правниот промет и спрема трети лица.

## 7. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО НДЦ Скопје

**Член 30**

НДЦ Скопје ќе престане со работа ако:
- ако е донесена одлука на Собранието на Здружението на граѓани со двотретинско мнозинство;

- ако бројот на членовите на Здружението се намало под бројот на определен за основање;

- ако Уставниот Суд на Република Македонија донесе одлука дека Програмата и Статутот на НДЦ Скопје не се во согласност со Уставот.

- ако се утврди дека Здружението на граѓани престанало со работа;

- во други случаи определени со закон.

Во случај на престанок на работата на НДЦ Скопје , со имотот и со средствата што остануваат по намирувањето на обврските, располага Република Македонија.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Овој Статут влегува во сила наредниот ден по неговото донесување.

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на на НДЦ Скопје.

***Скопје 04.12.2007 година***

***Елизабета Јовановски***
***Претседател на НДЦ Скопје***